www.upoz.org.mk

Синдикален

# БИЛТЕН

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

21. СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ 2015

# СЕ ОДРЖАА 21. СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ



***Како и изминатите 20 години така и оваа година, Синдикатот на работниците од управата правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ) од 04.06 до 07.06.2014 година во Охрид во хотелите „Метропол“, „Белви“ и „Турист“ ги одржа традиционалните спортски игри и средби.***

Потребните подготовки за одржување на спортските игри и средби ги направија Комисијата за натпревари на спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ и Организациониот одбор.

Оваа година на игрите учествуваа вкупно 19 екипи и тоа: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Апелационо подрачје Штип, Казнено поправна установа Битола, Апелационо подрачје Скопје, Службен весник на РМ, Општина Карпош, Дирекција за заштита и спасување, Министерство за транспорт и врски, Апелационо подрачје Гостивар, Агенција за катастар на недвижности, Казнено поправен дом Штип, Управа за јавни приходи, Министерство за економија, Управен суд, Центар за моторни возила Гостивар, Основно јавно обвинителство и Државен инспекторат за земјоделство.

По одржаните натпревари во осум дисциплини во машка, седум во женска конкуренција и три заеднички дисциплини, беа постигнати следниве резултати:

## МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

**Мал фудбал**
1. Управа за јавни приходи
2. МЗШВ
3. Општина Карпош

**Кошарка**
1. Општина Карпош
2. Агенција за катастар на недвижности
3. АФПЗРР

**Пинг - Понг**
1. АФПЗРР
2. Службен Весник на РМ
3. Општина Карпош

**Шах**
1. АФПЗРР
2. ФОНД на ПИОМ
3. Управа за јавни приходи

**Стрелаштво**
1. Апелационо подрачје Штип
2. МЗШВ
3. КПУ Затвор Штип

**Пикадо**
1. Службен весник на РМ
2. КПУ Затвор Битола
3. Апелационо подрачје Штип и Апелационо подрачје Скопје

**Тенис**
1. АФПЗРР
2. МЗШВ
3. Агенција за катастар на недвижности

**Пливање**
1. АФПЗРР
2. Општина Карпош
3. Агенција за катастар на недвижности

## ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

**Баскет**
1. МЗШВ
2. ФОНД на ПИОМ
3. Општина Карпош

**Пинг - Понг**
1. Општина Карпош
2. МЗШВ
3. Апелационо подрачје Штип

**Шах**
1. Општина Карпош
2. Апелационо подрачје Штип
3. Агенција за катастар на недвижности

**Стрелаштво**
1. Министерство за транспорт и врски
2. Општина Карпош
3. ФОНД на ПИОМ

**Пикадо**
1. Апелационо подрачје Скопје
2. Општина Карпош
3. Агенција за катастар на недвижности

**Тенис**
1. Општина Карпош
2. Управа за јавни приходи
3. ФОНД на ПИОМ

**Пливање**
1. Општина Карпош
2. КПУ Затвор Битола
3. МЗШВ

## ЗАЕДНИЧКИ ДИСЦИПЛИНИ

**Влечење јаже**
1. МЗШВ
2. Агенција за катастар на недвижности
3. Апелационо подрачје Штип

**Пинг - Понг**
1. Општина Карпош
2. ФОНД на ПИОМ
3. Управа за јавни приходи

**Одбојка на песок**
1. АФПЗРР
2. Апелационо подрачје Штип
3. Општина Карпош

Победникот во генералниот пласман се одреди според бодовите од сите дисциплини кои се бодуваат на следниот начин:

- за освоено прво место - 5 (пет) бода;
- за освоено второ место - 3 (три) бода;
- за освоено трето место - 1 (еден) бод;

Бодирањето на дисциплината тенис каде натпреварите се поединечни се бодуваат:

- за освоено прво место - 3 (три) бода;
- за освоено второ место - 2 (два) бода;
- за освоено трето место - 1 (еден) бод.

**Машка конкуренција**

1. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој........................19 бода
2. Општина Карпош.........................10 бода
3. Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство........8 бода
4. Службен весник на РМ..................8 бода
5. Управа за јавни приходи...............6 бода
6. Агенција за катастар на недвижности.............................5 бода
7. Апелационо подрачје Штип.........5 бода
8. ФОНД на ПИОМ............................3 бода
9. КПУ Затвор Битола........................3 бода
10. Апелационо подрачје Скопје........1 бод
11. КПУ Затвор Штип..........................1 бод

**Женска конкуренција**

1. Општина Карпош.........................22 бода
2. МЗШВ............................................9 бода
3. Апелационо подрачје Штип.........9 бода
3. ФОНД на ПИОМ............................5 бода
4. Апелационо подрачје Скопје........5 бода
5. Министерство за транспорт и врски.....................5 бода
6. Агенција за катастар на недвижности..........2 бода
7. Управа за јавни приходи...............2 бода
8. Министерство за Економија...........1 бод

**Заеднички дисциплини**

1. Општина Карпош..........................6 бода
2. МЗШВ............................................5 бода
3. АФПЗРР.........................................5 бода
4. ФОНД на ПИОМ............................3 бода
5. Агенција за катастар на недвижности..........3 бода
6. Управа за јавни приходи.................1 бод

Според постигнатите резултати победничкиот пехар во машка конкуренција го доби екипата на **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**, а во женска конкуренција екипата на **Општина Карпош.**

Севкупен победник на Дваесет и првите спортски игри и средби беше екипата на **Општина Карпош.**

Оваа година за прв пат, до Комисијата за натпревари на спортските игри и средби, не беше упатен ниту еден приговор што покажува за коректноста во однесувањето на учесниците како и одлична организација. И оваа година како и минатата, средство за идентификација за учество на Спортските игри и средби беше членската книшка на Синдикатот на УПОЗ. Членската книшка како документ за идентификација се користеше доследно меѓутоа, поединци не беа во можност да се идентификуваат со членска книшка (од оправдани причини) заради што на истите им беше издавана потврда дека се членови на Синдикатот, врз основа на евиденцијата на Синдикатот на УПОЗ. Со тоа беа избегнати недоразбирањата.

На Дваесет и првите спортски игри и средби и оваа година учествуваа колегите од Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска (37) кои на овие игри учествуваа по 10-ти пат.



На Дваесет и првите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ учество зедоа околу 350-тина членови на Синдикатот, кои покажаа дека игрите се добро прифатени од членовите и оваа традиција треба да продолжи. За овие игри да поминат во мирна и пријателска атмосфера придонесе добрата подготвеност и организираност на истите.

За да присуствуваат што поголем број членови кои сакаа да учествуваат на спортските игри, Синдикатот на УПОЗ и годинава како и изминатите доделуваше позајмици кои максимално ги искористија одредени организации и тоа: Казнено поправен дом Штип (45.000,00 денари), Казнено поправно установа Битола (60.000,00 денари), Агенција за катастар на недвижности (220.000,00 денари), Управа за јавни приходи (38.000,00 денари), Локална самоуправа Македонска Каменица (6.000,00 денари), МЗШВ (4.000,00 денари) и Основен суд Тетово (51.000,00 денари). Доколку и другите организации ја „афирмираа позајмицата" меѓу членовите, сигурно и посетеноста ќе беше поголема. Затоа, во иднина особено во недостаток на спонзорства, позајмицата треба максимално да се користи.

И оваа година, како и минатата свеченото отварање на игрите се одржи на базенот на хотелот „Белви", каде што присуствуваа сите учесници и гости. Откако Претседателот ги прогласи игрите за отворени следеше забава со DJ покрај базенот, по што забавата продолжи во диско клубот „ТАБУ" во хотелот „Белви" со музика во живо.







Втората вечер беше заедничка за сите учесници во Хотел „Метропол" со музичка група која ги забавуваше гостите.

Третата, завршна вечер, односно доделувањето на пехарите и дипломите исто така беше организирана во салата на хотелот „Метропол" која претставуваше врв на тридневните натпреварувања, дружења и забава.

Затоа слободно можеме да констатираме дека 21-вите спортски игри и средби беа одлично организирани, за што зборуваат и кажувањата на сите учесници.

Организациониот одбор и Натпреварувачката комисија на својот состанок го осудија истапот на Игор Миќев, член на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ и предложија за тоа да се расправа на Претседателството со цел во иднина да не се случуваат вакви недолични истапи, не особено од водачите на екипите, а уште помалку од членови на Претседателството кои треба да бидат пример со нивното однесување за другите учесници.


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел./факс: 02/32–30–829; 02/31–26–351;

www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: **Бојан Трипуноски**

• Компјутерска подготовка: **"Макформ"- Скопје**